УДК: 324.925.3(497.7:=163.41)"2002"

# ТЕРИТОРИЈАЛНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БОШЊАЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Зеќир РАМЧИЛОВИЌ**
ПСУ "Јахја Кемал", Булевар Александар Македонски бр. 22,
1000, Скопје, Република Македонија
e-mail: z_ramcilovic@yahoo.com

ИЗВОД

Социо-географските проучувања претставуваат клучни компоненти во планирањето и развој на нашата држава. Со оглед на фактот што во нашата држава живеат различни етнички заедници, подоброто познавање на секоја од нив претставува основа за градење на едно здраво демократско мултикултурно општество. Во овој труд предмет на проучувањето се дел од демографските карактеристики на Бошњаците, поточно нивната разместеност во Република Македонија, со цел за нивна поголема афирмација и подобро запознавање. Бошњаците се уставотворен народ кој е нераскинлив дел од македонската државност и општество. Во трудот посебен акцент ставивме на нивниот територијален распоред по населени места, општини и региони, но и за причините за таквиот распоред.

**Клучни зборови:** Бошњаци, население, разместеност.

ABSTRACT

Social-geographical researches are key components in planning and developing of our contry. Regarding the fact that our contry is multi-etnic society, better introduction of each of them represents the basis of bulding a healthy democratic multicultural society. The object of research of this work are parts of demographic characteristics of Boshnjaks, preciesely, their distribution in Republic of Macedonia in order achieve their larger afirmation and better understanding. Boshnjaks are constitutional nation that is unbreakable part of Macedonian state and society. Especially we want to point out their territorial distribution among settlements, municipalities, and regions as well as the reasons for such distribution.

**Key words:** Boshnjaks, settlement, distribution.

**Вовед**

Република Македонија е демографски изразито хетерогена држава како резултат на нејзината географска положба и историските настани со столетија station наназад. Познавањето на карактеристиките и спецификите на етничките заедници, односно нивните демографски и структурни карактеристики имаат големо значење за целокупниот развој на едно општество. Меѓутоа во Македонија, како и во повеќето балкански држави, статистичките податоци од минатото не нудат доволно елементи за да бидат објективни, туку се непрецизни или тенденциозни во зависност од политичката констелација и потребите на владеачките режими. Дури од пописот во 1948 година, населението во Република Македонија се попишува и по националниот состав, што е ограничувачки фактор при вакви истражувања.

Бошњаците во Република Македонија ја делат истата судбина со Бошњаците од некогашната заедничка држава Југославија. Поточно, се до 1907 година на Балканот, покрај другите нации, во официјална употреба било и националното име Бошњак. По таа година, се до 1993, Бошњаците егзистираа под различни имиња, а најмногу со конфесионалното "Муслиман". Република Македонија од порано била биконфесионална држава (ислам и православно христијанство), и самата религиозна одредница воглавно имала асимилаторски карактер со што мнозинските народи имаа за цел да ја избришат националната свест на Бошњаците.

Како независна држава во минатите две декади, Македонија помина низ многу динамичен период на трансформација на политичкиот, економскиот и општествениот систем. Како демократска држава со промените во Уставот во 2001 година, Република Македонија рамноправно со другите народи ги прифати и прогласи Бошњаците за уставотворен народ. Мораме да напоменеме дека долгогодишното негативно влијание за жал имаше последици при изјаснувањето на Бошњаците во нашата држава. За тоа зборува и податокот за промената на бројот на Бошњаците од пописот на населението во 1994 до пописот во 2002 година, односно зголемување за 10.189 или за 149,2 %. Ова е еден од показателите за позитивните трендови во заштитата на човековите права и развојот на демократијата во Република Македонија.

Помасовно присуство на Бошњаците на овие простори се забележува кон крајот на XIX век по Берлинскиот Конгрес во 1878 година. Во сите македонски градови настанаа мухаџирски маала, како и бројни мухаџирски села, за што зборуваат и голем број на топоними. Во текот на XX век, голем број на Бошњаци го искористил овој простор како попатна станица на патот кон Турција во надеж за посигурен и подобар живот, а освен топонимите кои потсетуваат на тоа тешко доба

во историјата на Бошњаците, тука и денес живее бошњачкиот народ носејќи се со предизвиците на модерната цивилизација. Нивната територијална распределба денес е од голема важност за севкупниот развој и подобро запознавање на Бошњаците на овие простори.

## Бошњаците според податоците од Пописот во 2002 година

Според податоците од Пописот на населението во 2002 година во нашата држава живеат македонскиот, албанскиот, турскиот, ромскиот, српскиот, бошњачкиот и влашкиот народ и останати национални малцинства, додека некои воопшто не се изјасниле, поточно живеат 2.022.547 жители. Вкупниот број на жители и нивната национална структура се прикажани на Табелата бр.1 и Графикон бр.1.

**Табела 1.** Вкупно население во Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност (2002)

| Население во Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Власи | Останати |
| Вкупно | 2022547 | 1297981 | 509083 | 77959 | 53879 | 35939 | 17018 | 9695 | 20993 |
| Структура | 100 | 64.18 | 25.17 | 3.85 | 2.66 | 1.78 | 0.84 | 0.48 | 1.04 |

Извор: ДЗСРМ (2003): Соопштение на Државниот завод за статистика, Попис на населението домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година – дефинитивни податоци, Скопје.




**Графикон 1.** Вкупно население во Репблика Македонија според изјаснување за национална припадност (2002)

## Територијална разместеност на Бошњаците

Територијална дистрибуција на населението според националната припадност на ниво на населените места и општини покажува дека некои подрачја во земјата се изразито хетерогени, а други хомогени. Во тој смисол, ќе направиме анализа на населените места, како и на општините кои се многу погодни геодемографски целини за вакви анализи и истражувања во однос на просторните разлики во националната структура на населението на нашата држава. Во нашето истражување ќе се задржиме само на просторниот распоред на бошњаците.

## Градско и селско население

Вкупниот број на Бошњаците според последниот попис изнесува 17.018 или 0.84% од населението во Република Македонија. Во Република Македонија постојат 1.650 населени места, од кои 34 градски и 1.616 селски населби. Во 34 градови во 2002 година живееле 1.233.508 жители или 61%, а во селата 789.039 жители или 39% од вкупното население.

Бошњаци живеат во 128 или 7.76% населени места, и тоа во 26 градски и 102 селски населби. Од нив во 26 градови во 2002 година живеат 6.840 или 40.2%, а во 102 села живеат 10.178 или 59.8% од вкупниот број на Бошњаците во Република Македонија. За разлика од просекот на вкупното население, тие се претежно рурално население.




**Графикон 2.** Градско и селско бошњачко население во 2002 година

Од вкупниот број на бошњачко градско население 6.465 лица или 94.5% живеат во градот Скопје, а над сто граѓани има уште само во Тетово, поточно 156 лица. Поради тоа непотребно е да се прави анализа на градските места, туку само на дистрибуцијата на Бошњаците во градот Скопје како што е прикажано на Табелата бр.2. Нивната застапеност во Скопје е нешто поголема (1.38%) во споредба со целата држава (0.84%). Учеството на Бошњаците во вкупното градско население изнесува само 0.55%. Најголем број од нив живеат во населбата Чаир, каде се процентуално и најзастапени, или само во населбите Чаир и Центар живеат 55% од Бошњаците на главниот град.

**Табела 2.** Бошњаци во вкупното население на градот Скопје (2002)

| **Населба** | **Вкупно** | **Бошњаци** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Маџари** | 12874 | 169 | 1.31 |
| **Ченто** | 23915 | 407 | 1.70 |
| **СК-Гази Баба** | 15182 | 83 | 0.55 |
| **СК-Ѓорче Петров** | 24408 | 483 | 1.98 |
| **СК-Карпош** | 37162 | 68 | 0.18 |
| **Драчево** | 19246 | 408 | 2.12 |
| **СК-Кисела Вода** | 84625 | 535 | 0.63 |
| **СК-Центар** | 82604 | 1713 | 2.07 |
| **Бутел** | 14005 | 406 | 2.90 |
| **СК-Чаир** | 39179 | 1885 | 4.81 |
| **СК-Шуто Оризари** | 15353 | 138 | 0.90 |
| **Останато** | 98404 | 224 | 0.23 |
| **Скопје** | **467257** | **6465** | 1.38 |

Извор: ДЗСРМ (2004): Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, Вкупно население според изјаснувањето за национална припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта по населени места, кн. 10, Скопје.

Претходно истакнавме дека најголем број Бошњаци живеат во селата. Уште поизразито отколку во главниот град, тие се сконцентрирани во 16 села во кои живеат 9.346 лица, или во 15% селски населби живеат 92% од Бошњаците (Табела 3 и Графикон 3).

Најголема бошњачка селска населба е Горно Оризари која се наоѓа во Општина Велес во која живеат 2.032 Бошњаци и е најголема воопшто, пред населба Чаир во Скопје во која живеат 1.885 Бошњаци. Населените места Батинци (Студеничани) и Лажани (Долнени) имаат повеќе од 1.000, а од 500-1.000 имаат населбите: Љубин (Сарај), Житоше (Долнени), Долно Коњаре (Петровец) и Десово (Долнени). Од 100-500 Бошњаци имаат населбите: Средно Коњаре, Црквино, Ќојлија, Градско, Водоврати, Зелениково, Локвени, Ржаничино и Петровец. Ако ја погледнеме Табелата 3, очигледно е дека во 8 селски населби

Бошњаците се мнозинско население, поточно над 50%. Од нив селото Црквино (Велес) кое брои 363 лица, Бошњаци се 336 што претставува 92.56%. Изразито бошњачки селски населби се уште и Горно Оризари, Долно Коњаре и Локвени. Учеството на Бошњаците во вкупното селско население изнесува 1.29%.

**Табела 3.** Бошњаци во селското население каде се застапени (2002)

| Село | Вкупно | Бошњаци | % |
|---|---|---|---|
| **Горно Оризари** | 2.262 | **2.032** | 89.83 |
| **Батинци** | 5.364 | 1.660 | 30.95 |
| **Лажани** | 1.864 | 1.054 | 56.55 |
| **Љубин** | 2.044 | 914 | 44.72 |
| **Житоше** | 1.807 | 604 | 33.43 |
| **Долно Коњаре** | 704 | 568 | 80.68 |
| **Десово** | 1.026 | 566 | 55.17 |
| **Средно Коњаре** | 1.140 | 402 | 35.26 |
| **Црквино** | 363 | 336 | **92.56** |
| **Ќојлија** | 400 | 215 | 53.75 |
| **Градско** | 2.219 | 215 | 9.69 |
| **Водоврати** | 379 | 192 | 50.66 |
| **Зелениково** | 1.135 | 190 | 16.74 |
| **Локвени** | 178 | 143 | 80.34 |
| **Ржаничино** | 855 | 137 | 16.02 |
| **Петровец** | 2.659 | 118 | 4.44 |
| **Останати 87 села** | 17.1685 | 832 | 0.48 |
| **Вкупно** | 196.084 | 10.178 | 5.19 |

Извор: Како во претходната табела




**Графикон 3.** Селски населби со повеќе од 100 бошњаци

## Бошњаците според административно-територијална поделба

Според територијалната организација од 2004 година нашата држава е поделена на 84 општини и Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа. Бошњаците се застапени во 59, а во 25 општини не живеат. Најголем дел од Бошњаците живеат во 18 општини, додека во другите живее незначителен број. Ова ги потврдува веќе изнесените анализи според кои бошњаците живеат во нешто повеќе од 15 населени места. Може да се донесе заклучок дека Бошњаците останаа една хомогена заедница, затворена и крајно немобилна во границите на Република Македонија.

**Табела 4.** Распоред на бошњаците по општини

| **Распоред на бошњаците по општини** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **<10** | **10-50** | **50-100** | **100-500** | **500-1000** | **>1000** |
| **Општини** | 59 | 30 | 7 | 4 | 9 | 3 | 6 |
| **Бошњаци** | 17018 | 87 | 186 | 316 | 2251 | 2218 | 11960 |
| **Структура** | 100% | 0.1 | 1.1 | 1.9 | 13.3 | 13.2 | 70.4 |

Пресметано според: ДЗСРМ (2005): Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, Вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година, Скопје.

Најголем број Бошњаци живее во Општина Чаир и тоа 2.950, следат уште пет општини со над 1.000 Бошњаци: Велес, Долнени, Студеничани, Петровец и Сарај На Табела бр.5. очигледно е дека од 18 општини (>100 бошњаци), 9 се општини на градот Скопје, освен во Карпош каде живеат 98 Бошњаци. Во грниците на градот Скопје живеат 7.585[1] или 44.57% од Бошњаците на нашата држава. Ваква концентрација е последица од најмасовни доселувања во Скопје кој и тогаш бил центар од кој најлесно се вадеа потребните документи за иселување во Турција, а нешто подоцна до денес поради подобрите животни услови.

Вкупниот број на Бошњаци не одговара и на нивната процентуална застапеност во тие општини. Во Табелата 5. Јасно се гледа дека се најзастапени во општините Долнени (17.54%) и Петровец (17.47%), потоа во општините Градско (12.37%) и Студеничани (9.64%). Најпластично процентуална застапеност се гледа на графиконот бр. 4.

[1] Во анализите по населени места во градот Скопје живее 6.465, додека по општини во границите на градот се наоѓа и една рурална општина -Сарај со која бројот на бошњаците изнесува 7.585 лица.

**Табела 5.** Општини со повеќе од 100 лица со бошњачка националност

| | Општина | Број на жители | Број на бошњаци | Структура % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Чаир | 64773 | **2950** | 4.55 |
| 2 | Велес | 55108 | 2406 | 4.37 |
| 3 | Долнени | 13568 | 2380 | **17.54** |
| 4 | Студеничани | 17246 | 1662 | 9.64 |
| 5 | Петровец | 8255 | 1442 | 17.47 |
| 6 | Сарај | 35408 | 1120 | 3.16 |
| 7 | Бутел | 36154 | 970 | 2.68 |
| 8 | Гази Баба | 72617 | 710 | 0.98 |
| 9 | Аеродром | 72009 | 538 | 0.75 |
| 10 | Ѓорче Петров | 41634 | 489 | 1.17 |
| 11 | Градско | 3760 | 465 | 12.37 |
| 12 | Кисела Вода | 57236 | 425 | 0.74 |
| 13 | Зелениково | 4077 | 191 | 4.69 |
| 14 | Шуто Оризари | 22017 | 177 | 0.81 |
| 15 | Тетово | 86580 | 156 | 0.18 |
| 16 | Крушево | 9684 | 137 | 1.42 |
| 17 | Центар | 45412 | 108 | 0.24 |
| 18 | Струга | 63376 | 103 | 0.16 |

Извор: Како во претходната табела




**Графикон 4.** Застапеност на бошњаците во општините каде што живеат во %

На Графиконот 4 јасно се гледа дека две општини се блиску до застапеност од 20%, поточно Долнени и Петровец. Со Уставот на Република Македонија е предвидено да во општини каде живее повеќе од 20% на некоја етничка заедница, нивниот јазик станува службен јазик во таа општина. Целта на истражувањето не е елаборација за зна-

чењето и придобивката за Бошњаците во тие општини, туку долгорочно гледано само ќе наведеме дека за зачувување на идентитетот, јазикот, културата и традицијата на Бошњаците на овие простори би било добро доколку би имале општина со над 20% Бошњаци, секако тоа би претставувал и чекор кон поголема демократизација на нашата држава. Според старата територијална организација од 1996 до 2004 година постоеше една општина со над 20% бошњачко население; Општината Житоше според податоците од истиот попис (2002) имаше 2.128 жители, од кои 747 Бошњаци или 35.10%. Како мала општина споена е со Долнени, при што процентот остана под 20%.

### Распоред по региони

Доколку ја анализираме Карта бр.1. јасно се гледа дека Бошњаците се концентрирани во средишниот дел на нашата држава, регионалната целина Повардарие, мал дел во Западна, а незначителен дел во Источна Македонија. Како што е прикажано на Графиконот 5, најголем број живее по долината на реката Вардар 13.895 (81%), потоа во западниот 3.023 (18%) и 100 (1%) лица од бошњачка националност во источниот дел на нашата држава.




**Карта 1.** Структура и територијален распоред на Бошњаците по општини




**Графикон 5.** Регионален распоред на Бошњаците во Република Македонија

## Заклучок

Врз основа на извршените анализи можеме да заклучиме дека Бошњаците како уставотворен народ на Република Македонија, живеат во сите нејзини делови, со тоа што се концентрирани во 18 општини или 96.9% од вкупниот број. Половина од нив живее во Скопје, а регионално гледано по долината на реката Вардар живеат околу 81%. Ваквата нивна концентрација на релативно мал дел од државата и после подолго време од нивното поинтензивно населување на овие простори е последица на прв поглед од економски причини (Скопје и Велес), а јас мислам дека причините се и подлабоки. Освен во градот Скопје, воглавно Бошњаците живеат во рурални средини, каде што има потешки животни услови. На пример за селата во непосредна близина на градот Велес, каде многу мал дел од бошњаците работеше во индустријата или уште помалку во администрацијата, тие се занимаваа со земјоделство и не настојуваа да ја менуваат средината. Една од причините за нивната хомогеност може да биде и страв од судири кои перманентно им се повторуваат, како и заштитата пред се на верскиот, потоа на националниот идентитет поради што и ги напуштија родните огништа. Во денешно време ова може да звучи апсурдно и ирелевантно, меѓутоа историската неправда починета врз Бошњаците оставила длабоки белези кои тешко се менуваат без оглед на фактот што живееме во едно демократско општество.

## Литература

**Bandžović, S. (2003):** Bošnjački muhadžiri u Makedoniji krajem XIX i tijekom XX stoljeća, Almanah br. 21-22, Podgorica.

**Панов М. (1998):** Енциклопедија на селата во Република Македонија, Патриа, Скопје

**Шкријељ, Р. (2006):** Мухаџирската криза и населување на Бошњаците во Македонија (1875-1901), БИГОСС, Скопје.

**ДЗСРМ (2003):** Соопштение на Државниот завод за статистика, Попис на населението домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година – дефинитивни податоци, Скопје.

**ДЗСРМ (2004):** Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, Вкупно население според причините присутност – отсутност, возраста, полот и изјаснувањето за националната припадност, кн. 1, Скопје.

**ДЗСРМ (2004):** Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, Вкупно население според изјаснувањето за национална припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта, кн. 10, Скопје.

**ДЗСРМ (2005):** Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, Вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година, Скопје.

## TERRITORIAL DISTRIBUTION OF BOSHNJAKS IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Zekir Ramchilovic

SUMMARY

Made on the basis of analysis we can conclude that Boshnjaks as a constitutional people of Macedonia, living in all parts of the state, with which are concentrated in 18 municipalities or 96.9%. Half of them live in the city of Skopje, regarding regionaly in the valley of the river Vardar around 81%. This concentration on the small part of the state and the longer the time of their settling in this area is firstly the result of economic reasons (Skopje and Veles largest industrial centers in the RM), but I think that the reasons are something deeper. Except in the city of Skopje, Boshnjaks mostly live in rural areas, where conditions of living are quite difficult. For example, for the villages in the vicinity of Veles, where the few Boshnjaks working in industry or administration, they were envolved in agriculture and are not trying to change the environment. Therefore, one of the main reasons of homogeneity could be the fear of conflict that are permanently occurred, as well as the protection of religious first, and then the national identity of which indigenous places are left. Today this may seem absurdly and pointless, but the historical injustice committed against Boshnjaks left deep roots that are difficult to change regardless of which live in a democratic society.